На основа чл. 51. став 12.од Статутот (бр.01-34/1 од 24.04.2014год) на Федерација на Планинарски спортови на Македонија, Председателството на ФПСМ, на предлог на Комисијата за рекреација и спорт – подкомисија за планинарска ориентација, на редовната седница одржана на ден 12. Февруари 2016. година, усвои

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПЛАНИНАРСКИ ОРИЕНТАЦИОНЕН НАТПРЕВАР ПРИ ФЕДЕРАЦИЈА НА ПЛАНИНАРСКИ СПОРТОВИ НА МАКЕДОНИЈА

Планинарско ориентационииот натпревар,представува смотра на достигнувањата, знаењата, вештините и подготвеноста на членовите на ФПСМ во читање топографски карти, ракување со компас-бусола и брзо снаоѓање на непознат терен.

Член 1.

Право на настап имаат членови на планинарските клубови/друштва при ФПСМ.
На натпреварот може да учествуваат и чланови на други спортски организации-здружениа од земјата и странство, вон конкуренција. Планинарите и спортистите мора да се активни членови што го потврдуваат со планинарска книшка со платена чланарина за тековната година или натпреварувачка легитимација од својот клуб/друштво за тековната година.Во една натпреварувачка сезона може да се настапува само за еден планинарски клуб/друшто.

Член 2.

Планинарско-ориентационите натпревари може да се ( дневни,повеќедневни и ноќни):

- Лигашки;
- Првенствени;
- Меморијални-локални.

Член 3.

Категории
Натпреварите во планинарска ориентација се организираат во следните категории:
- Пионери – Пионерки до 15 години,
- Јуниори – Јуниорки до 18 години,
- Сениори – Сениорки од 16 до 55 години,
- Ветерани – Ветеранки преку 45 години.

Во категоријата Сениори може да настапат по еден јуниор или ветеран.
Во машка категорија може да настапи еден женски член во екипата
Екипите може да се со мешовит состав(машко-женско).
Во случај на мешовити екипи категорија на екипата се одредува според натпреварувачот со најквалитетната категорија. Екипите се од три члена, членовите на екипите мора да се од ист клуб/друштво .
Ако екипата е составена од членови од различни клубови/друштва може да се такмичат вон конкуренција.

Член 4.

Движење на патека

Натпреварувачите ја поминуваат патеката екипно или поединечно на делови од патеката. Патеката која се поминува поединечно максимално може да биде до 80% од целата патека. Делови од патеката може де се брзински или со зададено време на поминување.

Член 5.

Должина на патеката

- Пионерки до 03 км воздушна линија,
- Пионери до 04 км воздушна линија,
- Јуниорки од 05 до 08 км воздушна линија,
- Јуниори од 06 до 08 км воздушна линија,
- Сениорки од 09 до 12 км воздушна линија,
- Сениори од 10 до 12 км воздушна линија,
- Ветеранки од 05 до 08 км воздушна линија,
- Ветерани од 06 до 09 км воздушна линија.

Вкупната висина може да е максимално 6% од должината на патеката.

Член 6.

Бројот на контролни точки (КТ) зависи од натпреварувачката категорија, размерот на карта, концепцијата на натпреварувачката патека и може да изнесува до 30 (КТ). Во бројот контролни точаки влага збирот на сите КТ, екипни, поединечни и целта.

Член 7.

Време на поминување на патеката

Екипата мора да ја помине патеката во зададеното време,за да небиде дисквалификувана. За секој натпревар се одредува време за поминување на патеката и тоа зависи од концепцијата на патеката и рељефот на теренот на кој се одржува натпреварот.Се одредува на основа на времето за кое организаторот на натпреварот ја поминал, зголемена за 30%. Време за поминување на патеката се рачуна од моментот на добивање на натпреварувачките задачи и стигнување на последниот член на екипата во целта.

Член 8.

Старт

Екипите стартуваат во размак од 5 до 10 минути. Две екипи од ист клуб/друштво не може да стартуваат една по друга, минимална разлика мора да е 20 мин. Редоследот на старт на екипите се одредува со извлекување стартни броеви.

Член 9.

Опрема

Натпреварувачката опрема учесниците на натпреварот ја прилагодуваат , а на основа климатските услови, теренот и препорака на организаторот.

Секоја екипа носи прибор за решавање задачи, прва помош, храна и вода. Ако екипата се разделува, наведената опрема мора да ја има секој член на екипата.

Член 10.

Карта

На планинарските ориентациони натпревари се користат карти со размере 1:25 000 / 10м, 1:50 000 / 20м. Организаторот задолжително мора да ги запознае натпреварувачите за недостатоци на картата и областите забранети или опасни за движење.

Член 11.

Контролни точки

Контролните тачки мора да се одбележани со црвено(портокалова)-бела тространа призма (30цм х 30цм) на која се наоѓа перфоратор или станица СИ систем. Видливоста на КТ од правец на доаѓање на екипата е 20 до 50 м, зависно од размерот на картата.

Член 12.

Натпреварувачки задачи:

- Вцртана на карта за дел од патеката, а за дел се добива задача на КТ.
- Задачите се прецртуваат од даден примерок.
- Задачите се решава и КТ се одредуваат со стандардни методи во топографијата (пресек на координати, пресек на два азимута, пресек азимут и координата, азимут и должина и др.) за дел или цела стаза. Задачата може да содржи решавање тестови:

♣ од прва помош .

♣ од областа на планинарството.

♣ од планинарска топографија.

Член 13.

Бодување

Се врши на основа најбрзо време на поминување на патеката со сите оверени КТ.

Прво се бодува бројот на оверените КТ а потоа времето на поминување на патеката.

Бројот на освоени бодови се зголемува за освоените бодови од решавање тестови.

На основа времето на поминување на патеката се освојуваат бодови:

1. место 100 бода,
2. место 70 бода,
3. место 50 бода,
4. место 20 бода.

Сите екипи кои ќе ги оверат сите КТ добиваат по 10 бода.

За секој позитивен одговор на тестот се добива по 5 бода.

Максимален број бодови на тестот е 30.

Член 14.

Дисквалификација :

- Ако се прекорачи зададеното време за поминување на патеката.
- Ако екипата не ги пронајде сите контролни тачки (КТ).
- Ако екипата не е комплетна на КТ (освен на КТ каде натпреварувачите се движат поединечно).
- Ако екипата прекрши еколошки правила од член 24 од овој Правилник.

За дисквалификација одлучува овластен контролор од Комисијата за планинарска ориентација. Дисквалификуваната екипа има право на приговор во склад со член 18 и 19 од овој Правилник.

Член 15.

Контролори

Контролорите ги одредува Комисија за рекреација и спорт – подкомисијата за планинарска ориентација, од регистрираните контролори и поставувачи на патеки при ФПСМ.

Контролорот контролира да ли екипата е комплетна на стартот, на стаза, на КТ и на целта. Контролорите од организаторот може да бидат распоредени на некои КТ и имаат задача да запишуваат време на поминување,да делат нови задачи или карти за дел од патеката.

Член 16.

Резултати

Резултатите се добиваат од освоените бодови, за извршените задачи (поминување на патеката за и решавање тестови). Резултати се објавуваат 30 до 60 минути по завршување на натпреварот.

Член 17.

Пласман

Наслов првак на Македонија во планинарска ориентација се добива на првенство .

Првенството ФПСМ го организира еданш годишно.

Наслов првак на Македонија во лига на натпревари се добива од збирот на бодови од натпреварите кои се бодуваат за лигата. Комисијата за планинарска ориентација ги одредува бројот натпревари за лигата пред почетокот на натпреварувачката сезона, на основа на пријавени клубови/друштава за организација, и датум на одржување на натпреварот.

Член 18.

Арбитражна комисија

Арбитражната комисија ја сочинуваат, контролор и два претставника од натпреварувачките екипи. Составот на Арбитражната комисија се одредува пред почеток на натпреварот.

Во работата на Арбитражната комисија може да учествува и претставник на екипата која поднела приговор или против која се води постапка .

Одлучувајки по приговорот, Арбитражната комисија може:

- да го одбие приговорот како неблаговремен или недозволен;
- да го одбие приговор као неоснован,
- да го усвои приговорот.

Приговорот е неблаговремен ако е поднесен по истекот на рокот од член 19 од овој Правилника. Недозволен приговор е оној кој не е поднесен од званично лице на клубот/друштвото кое смета дека е оштетено. На одлуката на Арбитражната комисија може да се поднесе жалба, во рок од 3 (три) дена од завршување на натпреварот ,до Комисијата за рекреација и спорт - подкомисија за планинарска оријентација. Подомисијата за планинарска оријентација должна е по жалбата да одлучи во рок од 7 (седум) дена од денот на прием на жалбата .

Член 19.

Приговор

Незадоволната страна која смета дека е оштетена може да поднесе приговор до 30 минути по пристигнувањето на целта во писмена форма до арбитражната комисија.

Член 20.

Обврски на организаторот

- Организаторот на натпреварот треба да ги обавести учесниците на натпреварот најмалку 30 дана пред одржување на натпреварот по електронска пошта.
- Да припреми стази кои се безбедни за натпреварувачите
- Да обезбеди присуство на дежурен лекар со основна санитетска опрема
- Да обезбеди простор(дом или шатор) за пресоблекување на натпреварувачите

- Да послужи чај или освежителен напиток по завршување на натпреварот
- Да обезбеди прецизно мерење на резултатите
- Да достави детален извештај за одржаниот натпревар со следните податоци:

1. место и датум на одржувањае
2. име и презиме на натпреварувачите по екипа и категорија
3. број на натпреварувачи и екипи по категории
4. должина на стази
5. број КТ
6. пласман на екипите по категорија .

Извештајот се доставува до подкомисији за планинарска ориjентација во рок од 7 дена по завршување на натпреварот .

Член 21.

Обврска на натпреварувачите

По прием на првото известување,го најават своето учество.

По прием на второто известување, најкасно 7 дена пред натпреварот го потврди учеството.

Да имаат заверени планинарски книшки од клубот/друштвото за кој настапуваат во натпреватувачката година со маркица на ФПСМ за календарската година.

Да има електронска здравствена картичка.

Да се придржува кон упутството од организаторот по прашање на опремата и безбедносните услови на патеката.

Да се придржува на условите пропишани при заедничко движење на патеката.

Да избегнува прегласна комуникација на патеката со членовите од својата и други екипи.

Да се придржува кон кодексот на планинарите и спортско однесување на патеката.

Член 22.

Регистрација

До 01. март мора да се регистрираат сите натпреварувачи по категории.

Во натпреварувачката сезона се дозволува промена до два члена во екипа, во иста категорија.

Во сениорска категорија, отсутен или болен член може да го заменат натпреварувачи од ист клуб/друштво од помлади или постари категории.

Член 23.

Награди

Клуб/друштво кое учествува во организација на натпреварот со свои спонзори, може да додели медали, дипломи, пехари и пригодни награди на екипите према постигнатиот резултат.

Член 24.

Еколошки правила

- натпреварувачите за време на натпреварот не смеат да ја загадуват околината, уништуваат флората и фауната,
- натпреварувачите целиот свој отпад мора да го носат со себе, фрлањето ѓубре е дозволено само на за то предвидено место,
- за секо непочитување на овие пропозиции, натпреварувачот – екипата може да се дисквалификува.

Член 25.

Останато

Натпревари може да се организираат во планинарски клубови/друштва, градови, општини. Календар на натпревари и пласман на екипите по категории ги објавува подкомисијата за планинарска ориентација во електронска форма на интернет страницата на ФПСМ.

Член 26.

Подкомисијата за планинарска ориентација дава мислење за значењето на поедини одредби од овој Правилник, а конечни толкувања се дава на првата наредна седница на Претседателството на ФПСМ.

Член 27.

Предлог измени и дополнувањ на овој Правилник се донесуваат на состанок на подкомисијата за планинарска ориентација, а ги усвојува Претседателството на Федерација на планинарски спортови на Македонија.

Член 28.

Овај Правилник стапува во сила на денот на негов усвојување од страна на Председателството на Федерација на планинарски спортови на Македонија

Комисија за рекреација и спорт
-под комосија за планинарска ориентација

______________________________

Душко Бошковски

Председател
Федерација на планинарски спортови на Македонија

____________________________________

Проф.Др.Јовица Угриновски